# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 04-712/2
08-03 2021 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 48 став 4 од Законо за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5,16, 142/16, 11/18, и „Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20) и правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.11/15 и бр.35/18), а согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.01-868/1 од 27.04.2016 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-2069/1 од 22.11.2017 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-898/1 од 04.04.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1336/1 од 04.06.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.04-1680/1 од 18.07.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.04-2282/1 од 25.10.2018 година) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.04-2377/1 од 08.11.2018 година), Општина Кочани објавува

**И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С  БР.01/2021**

за унапредување на 1 административен службеник во
Општинската администрација на Општина Кочани

Општина Кочани, објавува на Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник, за работно место:

**(1)** Раководител на Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште во Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште, шифра УПР 01 01 Б02 000 – 1 извршител, на неопределено работно време кој ќе ги врши работните задачи за определеното работно место, со нето плата 37.647,оо денари.

Општите услови утврдени со Законот за административни службеници, друг посебен закон или колективен договор кои треба да ги исполнуваат кандидатите за административни службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Архитектура, урбанизам и планирање или Градежништво и водостопанство или Геодезија;